# Вести од светот
## ЗА МЛАДИ И ВОЗРАСНИ



2022 • **ЧЕТВРТО ТРИМЕСЕЧЈЕ** • ЈУЖНОПАЦИФИЧКА ДИВИЗИЈА




AdventistMission.org

# Содржина

**На насловната страница:** Клифтон Глазгов вели дека три работи направиле преврст во ширење на евангелието во Нов Зеланд – молитвата, вклучувањето на сите верници и ТВ каналот „Надеж“. Приказната можете да ја прочитате на 8. страница од вашето списание.


**НОВ ЗЕЛАНД**
4 Наоѓање надеж / 1 октомври T
6 Неочекувана ТВ ѕвезда / 8 октомври
8 Три моќни работи / 15 октомври
10 Ограбен и благословен / 22 октомври T

**АВСТРАЛИЈА**
12 Молитви, зачини и пандемијата / 29 октомври
14 Глад за Исуса (Од кого до Христос) / 5 ноември

**ПАПУА НОВА ГВИНЕЈА**
16 Соломон, кој го промени светот / 12 ноември T
18 Нема повеќе страв / 19 ноември T

**ТУВАЛУ**
20 Морнарот се враќа дома / 26 ноември T

**САМОА**
22 Еве ме, прати ме мене! / 3 декември

**ВАНУАТУ**
24 Бог ги оспособува оние што ги повикува во служба / 10 декември T
26 Жена на молитвата / 17 декември

**ФИЏИ**
28 Држен во заробеништво / 24 декември T
30 Програма на 13. сабота: Влијателна кафеана / 31 декември
31 Идни проекти на 13. сабота
32 Редакција на списание / Мапи


T = *Искуства кои се посебно интересни за тинејџерите*

























Seventh-day Adventist Church

© 2022 General Conference of Seventh-day Adventists® • All rights reserved
12501 Old Columbia Pike,
Silver Spring, MD 20904-6601
1-800-648-5824 • AdventistMission.org

## Драги водачи на саботната школа,



*Ендрју Мекчизни*
*Уредник на списанието*

Ова тримесечје ќе се сосредоточиме на Јужнопацифичката дивизија (JPD) која ги вклучува: Американска Самоа, Австралија, Кукови Острови, Фиџи, Француска Полинезија, Кирибати, Науру, Нова Каледонија, Нов Зеланд, островот Ниуе, Папуа Нова Гвинеја, Питкерн, Самоа , Соломонски Острови, Токелау, Тонга, Тувалу, Вануату, Вале, Футуна.

Во оваа дивизија живеат 40,5 милиони луѓе, вклучувајќи приближно и повеќе од 518.000 членови на Христијанската адвентистичка црква. Ова претставува сооднос од 1 адвентист на секои 70 луѓе, што е подобрување во однос на три години порано, кога соодносот беше 1:78 луѓе.

Да се потсетиме дека минатиот пат  оваа дивизија ја доби помошта од даровите на  13-тата сабота во третото тримесечје на 2019 година, тие средства помогнаа да се започнат три проекти: „Да сочуваме 10.000 прсти“, кампања за обезбедување здравствена обука со цел да се спречат ампутации на прстите на луѓето со дијабетес; основање на телевизијата и радиото „Hope Channel“ во Тонга; и продукцијата на Daniel Children's Series, анимирана серија од 13 дела за деца на возраст од 8-12 години за искуствата на Даниел и неговите тројца пријатели, во Австралија.

Ова тримесечје, 2 проекта на 13. сабота ќе бидат реализирани во земјите од оваа дивизија (основање на ТВ и радио канал „Надеж“ (Hope Channel и Hope FM Radio) во Папуа Нова Гвинеја, снимање на детската ТВ серија од 13 епизоди „Учениците на царот“ (King's Kids Discipleship Series). Телевизиската серија е базирана на книгите на Елена Вајт – Патот кон Христа, Копнежот на вековите, Христовите параболи, Патријарси и пророци, Делата на апостолите и Големата борба.

Вашата поддршка за мисијата е многу важна за единството на црквата.

Ви благодариме што помагате членовите на вашата саботношколска класа да се запознаат со своите духовни браќа и сестри ширум светот и што ги охрабрувате да учествуваат во мисијата на црквата преку вашите дарови.

Од сè срце, ви посакувам изобилство Божји благослови!

*Ендрју Мекчизни*
*Уредник на списанието*

### Можности

***Даровите на 13. сабота од ова тримесечје ќе бидат употребени за:***

- Основање на ТВ и радио канал „Надеж“ во Папуа Нова Гвинеја.
- Снимање на детска ТВ серија од 13 епизоди врз основа на списите на Елена Вајт.





# Да се најде надеж

Кристи

Кристи пораснала во дом во Азија во кој не примила никакво христијанско воспитување. Кога била тинејџерка, таа си го поставувала прашањето: „Која е смислата на животот? Таа верувала дека, ако човек има само еден живот на располагање, најдобар начин да го живее е во добро јадење, пиење и во задоволствата на овој свет. Сепак, таквиот живот ѝ се чинел бесмислен.

Едно лето отишла во школа за англиски јазик. Професорот бил од САД, а имал и докторат по теологија. На почетокот на првиот час тој се претставил и го споделил своето сведоштво за тоа како Бог направил чудо и му го спасил животот во сообраќајна несреќа. Во тој судир неговиот автомобил бил целосно уништен, но тој се чувствувал како да бил заштитен со огромен невидлив ѕид, па успеал од скршениот автомобил да излезе без гребнатинка.

Кристи била восхитена од неговото чудесно искуство, а потоа им го раскажала на родителите по наставата.

Поминале десет години, а Кристи повторно размислувала за Бога, кога беше во Канада на летен одмор. Во градот Ванкувер имало црква до нејзиниот хотел. Видела маж како стои на влезот од црквата, држејќи натпис „Добре дојдовте дома!“

Подоцна истиот ден, таа поминала покрај црквата и го видела истиот човек како го држи натписот. Ветерот силно дувал тој ден, а таа се чудела зошто човекот бил толку упорен да го држи тој натпис на едно такво време. Сликата на маж кој држи натпис во еден ветровит ден длабоко се врежала во мислите и честопати размислувала за тоа во наредните месеци. Таа верувала дека има нешто посебно во христијанската вера.

Дома се запишала на постдипломски студии. Се изненадила кога професорот на сите ученици им поделил една духовна книга. Се заинтересирала за кни-

## Во врска со искуството

- Преземете слики од Фејсбук: bit.ly/fb-mq.
- Преземете ги мисионските постови и брзи факти од Јужноамериканската дивизија: bit.ly/sad-2022.
- Мисионската сторија ги изнесува ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовното растење. Целта бр. 2 зборува за јакнење и диверзификација на мисијата на адвентистичката црква во големите градови, како и јакнење на работите кои влијаат на духовното растење. Целта бр. 5 зборува за поучувањето на поединците и семејствата со помош на духовни материјали. Оваа цел зборува за зголемување на бројот на верници на црквата кои редовно се молат, ја проучуваат Библијата користејќи ги саботношколските материјали и списите на Елена Вајт. Целта на мисијата бр. 6 зборува за зголемување на пристапувањето, задржувањето, учеството на децата и младите“; Целта на духовен раст бр. 7, „Да им се помогне на тинејџерите и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот и да го практикуваат библискиот поглед на светот“. Повеќе информации за стратешкиот проект „Јас ќе одам“ на Христијанската адвентистичка црква дознајте на: WillGo2020.org.

## Мисионски информации

- Во 1874 г. за првпат дошло до адвентистичко сведочење во Нов Зеланд поттикнато од печатени материјали испратени од САД.
- Во 1885 г. адвентистичкиот пастор С.Н. Хаскал, се преселил во Окланд, Австралија, и престојувал во хотелот Едвард Хајр, кој со својата сопруга станал првиот обратеник мала група луѓе почнала да се собира и да ги учи вистините од Светото Писмо, како што е вистината за саботата.

гата, бидејќи давала одговори на некои нејзини прашања за смислата на животот.

Таа му напишала имејл на професорот во кој му се заблагодарила за книгата, велејќи дека сака подобро и поцелосно да го запознае Исуса.

Професорот ја упатил кај друг професор, поточно професорка, која водела седмични вечерни духовни собирања во нејзиниот дом. Истата седмица Кристи отишла на духовен состанок во домот на таа професорка. Таму била срдечно прифатена од присутните и за прв пат во животот држела Библија и читала стихови од неа. Почнала редовно да оди на духовните собирања, и набргу му го предала своето срце на Бога.

Одела во различни цркви на предавања и разни активности, но чувствувала дека нејзиниот однос со Бога не е целосно усогласен. Нејзе ѝ недостигало нешто.

Поминале две години, додека еден ден, прелистувајќи ги ТВ-каналите, наишла на ТВ- каналот „Надеж“.

Од тој ден, таа почнала редовно да ги следи програмите на ТВ каналот „Надеж“.

Гледањето емисии на овој ТВ канал стана најомилениот дел од нејзиното секојдневие. За неколку месеци гледање ТВ емисии, дознала толку различни информации за Бога што нејзиниот живот полека почнал да се менува.

Таа сфатила дека Бог е полн со милост, желен да ги повика луѓето да се вратат кај Него, бидејќи Тој ги сака и сака да им ги прости гревовите и да им помогне.

За прв пат во животот, таа почувствувала целосно задоволство во своето срце. Одлучила да се приклучи на Христијанската адвентистичка црква, да се крсти со вистинско крштевање со нурнување.

„Му благодарам на Бога што ме упати кон програмите на каналот „Надеж“, кој направи духовно да растам и да созревам. Сега сум подготвена целосно да го предадам мојот живот во Исусови раце и сакам да го прославувам Бога. Тоа е вистинската смисла на животот.“

Ви благодариме за даровите на 13. сабота во 2016 г., кои беа употребени за основање на ТВ каналот „Надеж“ во Нов Зеланд. ТВ-каналот „Надеж“ има меѓународен карактер, а неговите емисии можат да се гледаат во многу земји.

Вашите дарувања на 13. сабота во ова тримесечеј ќе бидат употребени за основање на радио и ТВ-каналот „Надеж“ во Папуа Нова Гвинеја.“

Од Ендрју Мекчизни



# Неочекувана ТВ-ѕвезда

**Греам и Ники**



Греам неочекувано станал нешто како ТВ ѕвезда на ТВ каналот „Надеж" во Нов Зеланд.

Кога дошол на состанок на анонимни алкохоличари, една жена, која никогаш во животот не ја видел, веднаш го препознала.

„Синоќа те видов на телевизија! – изјавила жената.

Сите 26 собрани луѓе љубопитно погледнале кон Греам.

Тој бил поканет од организаторите на средбата да се обрати до толпата и да ја раскаже својата животна приказна, но тој дошол на состанокот не знаејќи како да ја започне својата презентација.

Коментарот на оваа жена дека го видела на телевизија синоќа му дал идеја. Тој се обратил до групата, објаснувајќи како воопшто се појавил на ТВ. Главната причина е тоа што тој бил алкохоличар кој се лекувал и кого Христос го спасил со својата милост.

Тогаш овие насобрани луѓе дознале за постоењето на ТВ каналот „Надеж", кој е достапен до секој дом во Нов Зеланд.

Кога Греам зборува за својот минат живот, тој објаснува како животот на прекумерна работа го довел до десетгодишна зависност од алкохол и го уништил неговиот претходен брак.

Но, тогаш ја запознал Исусовата милост и со Божја помош престанал да пие.

Тој повторно се оженил и се приклучил на христијанската адвентистичка црква со неговата сопруга Ники. Денес Ники служи како ѓакон во локалната адвентистичка заедница.

Греам има мисија да ги спасува луѓето кои се борат со зависноста од алкохол во здружението за анонимни алкохоличари.

„Иако со години наназад не чувствувам потреба да пијам алкохол, чувствувам потреба да ја споделам пораката на надеж, охрабрување и можност за исцелување од зависноста од алкохол со собраните луѓе.

Греам ја комбинира страста што ја чувствува кон оваа мисија да ги спасува луѓето со љубовта што ја чувствува кон Бога.

„Се обидувам да го пренесам она што го учам во христијанскиот живот, во животот на луѓето кои имаат проблеми со зависности".

„Всушност сум многу благословен, бидејќи јас и Ники имаме мала

## Во врска со искуството

- Греам го споделува своето лично сведоштво на состаноците на анонимните алкохоличари, за да ги упати луѓето на Исуса, кој може да го преобрази нивниот живот. Поставете им прашање на вашите читатели како можат да ги споделат нивните лични сведоштва со луѓето, за да може Светиот Дух да ги допре и да ги промени нивните срца.
- Преземете слики од Фејсбук: bit.ly/fb-mq.
- Преземете ги мисионските постови и брзи факти од Јужнопацифичката дивизија: bit.ly/sad-2022.
- Оваа приказна за мисијата се заснова на пишаниот извештај на Јужнопацифичката дивизија, кој може да се прочита во списанието „Adventist record".
- Мисионската сторија ги изнесува ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот„Јас ќе одам" зборува за целите на духовното растење. Целта бр. 2 зборува за јакнење и диверзификација на мисијата на адвентистичката црква во големите градови, како и јакнење на работите кои влијаат на духовното растење. Целта бр. 5 зборува за поучувањето на поединците и семејствата со помош на духовни материјали. Оваа цел зборува за зголемување на бројот на верници на црквата кои редовно се молат, ја проучуваат Библијата користејќи ги саботношколските материјали и списите на Елена Вајт. (WillGo2020.org).

## Брзи факти

- 15% од населението на Нов Зеланд се Маори.
- Иако Нов Зеланд има приближно иста големина како Јапонија, неговото население е нешто повеќе од 4 милиони луѓе, што ја прави една од најмалку населените земји во светот.
- Во 1893 година, Нов Зеланд стана првата земја во светот која им дозволи на жените да гласаат.
- Маорското име за Нов Зеланд е „Аотеароа" што значи„Земја на долгите бели облаци".

црковна група во нашиот дом која редовно се состанува и каде можам да споделам некои од искуствата на луѓето што сум ги запознал на состаноците на анонимните алкохоличари".

Кога Греам го изнесува своето сведоштво на собирите на зависници, тие веднаш можат да забележат дека тој е христијанин. Ова е изненадување за многумина, особено за оние кои се агностици или кои често користат пцости во своето изразување.

Кога луѓето ме прашуваат дали сум религиозен? Обично им одговарам дека не сум претерано религиозен, туку дека одам во црква. Потоа ме прашуваат во која, а јас им одговарам дека одам во онаа која не гледа кој е кој, и од каде кој доаѓа, црква што ја шири Христовата љубов и учење, а тоа е Христијанската адвентистичка црква.

Луѓето често не се запознаени со христијанската адвентистичка црква и со нејзините учења, како што е учењето за саботата. Затоа Греам им ја објаснува на луѓето важноста на седмиот ден, сабота, нагласувајќи дека човекот треба да биде христијанин секој ден.

„Иако нашите црковни служби се одржуваат еднаш седмично, во сабота,

јас се сметам себеси за христијанин седум дена во седмицата.

Двајца лекари, кои одвреме-навреме доаѓаат во црквата на Греам, ги упатуваат луѓето зависни од алкохол кај него, а тој, пак, ги запознава овие луѓе со Здружението на анонимни алкохоличари.

Греам не само што им сведочи на луѓето со својот живот туку тој ги насочува кон бродот на спасението (црквата), дели оброци со нив, секогаш подготвен да ги сослуша нивните проблеми. Ја сака својата мисионска работа.

Навечер, кога се враќа дома, обично ѝ кажува на сопругата што му се случило тој ден.

Ви благодариме за вашите дарови на 13. сабота во 2016 година со кои помогнавте да се воспостави ТВ-каналот „Надеж“, кој може бесплатно да се гледа во секое домаќинство во Нов Зеланд.

Вашите дарови оваа 13. сабота ќе бидат употребени за основање на радио и ТВ канал „Надеж“ во Папуа Нова Гвинеја.

*By Maryellen Hacko*




НОВ ЗЕЛАНД | 15 октомври 2022

# Три моќни работи

**Клифтон Глазгов**

Три работи се значајни за зголемувањето на интересот кај луѓето за евангелските програми на Христијанската адвентистичка црква, кои продолжуваат да жнеат резултати. Тие три работи се:

**- Молитвата**

**- Вклучување на сите верници во мисијата**

**- ТВ канал „Надеж“**

Верниците од црквата се собирале 5 месеци во 6 часот наутро да се молат за излевање на Светиот Дух на нивните мисионски активности.

Тие, исто така, организирале и серија духовни состаноци на кои ги поканиле роднините и пријателите.

Сепак, главното изненадување било ТВ-мисионството, кое започнало во 2016 година со средствата на 13. сабота.

„Верниците на црквата ги поканувале роднините и пријателите, но голем број луѓе доаѓале на состаноците по повикот од ТВ-каналот „Надеж", вели Клифтон Глазгов, кој помагал во координирањето на состаноците на 15 локации низ главниот град Окленд.

Како резултат на оваа мисионска активност, се крстиле 200 луѓе. Еве неколку искуства на тие луѓе.

## Во врска со искуството

- Преземете ги сликите од Facebook (bit.ly/fb-mq).
- Гледајте го краткиот видео-клип на YouTube на Клифтон Глазгов: bit.ly/CliftonGlasgow.
- Преземете ги објавите за мисијата и брзите факти од Јужнопацифичката дивизија: bit.ly/spd-2022.
- Мисионската сторија ги изнесува ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам" зборува за целите на духовното растење. Целта бр. 2 зборува за јакнење и диверзификација на мисијата на адвентистичката црква во големите градови, како и јакнење на работите кои влијаат на духовното растење. Целта бр. 5 зборува за поучувањето на поединците и семејствата со помош на духовни материјали. Оваа цел зборува за зголемување на бројот на верници на црквата кои редовно се молат, ја проучуваат Библијата користејќи ги саботношколските материјали и списите на Елена Вајт. (Дознајте повеќе на: WillGo2020.org).

### Трејси

Трејси, самохрана мајка на пет деца, која се бори со зависност од опијати, била упатена на ТВ-каналот „Надеж" од страна на нејзината мајка, која некогаш одела во адвентистичка црква.

Додека Трејси ги гледала ТВ-емисиите кои го издигнувале Исуса, Светиот Дух почнал да делува на нејзиното срце. Набргу потоа, заедно со нејзината мајка, се приклучиле на адвентистичката црква.

Трејси, во своите триесетти, почнала да ги проучува основните библиски вистини и за време на духовните состаноци решила да престане да користи опијати. Во меѓувреме, таа целосно му го предала срцето на Бога преку крштевање, а сега учи за да стане професорка во средно училиште.

„Таа е толку позитивна личност. Веднаш можете да ги забележите големите промени во нејзиниот живот, преку нејзината желба со радост да им сведочи на луѓето за љубовта на нашиот Господ во новооткриениот живот.

## Овен и Тина

Овен, пензиониран градски службеник, и неговата сопруга Тина, се убедени во вистинитоста на адвентната порака, откако ги гледале емисиите на ТВ каналот „Надеж". Овие емисии ги снимале на ДВД-а, ги делеле во нивното соседство. Тие, исто така, се молеле Бог да им овозможи да добијат црковна зграда.

Кога црковните водачи планирале евангелски состаноци во Окленд, Овен бил среќен што може да волонтира и да најде соодветна сала, грижејќи за други логистички потреби.

Во салата на предавањата присуствувале околу 30 луѓе, од кои повеќето никогаш порано не слушнале за адвентистичката црква. За време на тие состаноци, Овен и Тина се крстиле, со што станале првите верници на црквата „Ваихики", која се собира во зградата на локалната месна заедница.

Оваа црква е една од двете цркви кои се основани по оваа серија евангелски состаноци.

## Хит и Симона

Хит, стручњак за боречки вештини, кој некогаш тренирал војска, со сопругата Симона почнал да ги гледа емисиите на ТВ-каналот „Надеж". За овој ТВ-канал слушнал од пријател од работа, во градежната фирма каде што работеле.

Хит и Симона почнале редовно да ги гледаат емисиите на овој ТВ-канал и набрзо изразиле желба да го прифатат Господа Исуса во своите срца. Оваа брачна двојка почнала да доаѓа во адвентистичката црква на мисионски предавања, а по оваа мисионска серија тие се крстиле.

## Одри и Дон

Постара брачна двојка прелистувајќи ги телевизиските канали наишла на ТВ-каналот „Надеж". Тие биле изненадени од тоа колку често Библијата се користи во овие емисии. Затоа решиле да ги следат учењата на Библијата и се појавиле во црква на почетокот на серијата духовни предавања. Во нивната локална црква забележале видливо непочитување на одредени библиски принципи.

Затоа решиле да почнат да доаѓаат во Христијанската адвентистичка црква, по покана од ТВ-каналот.

За време на серијата евангелски состаноци, тие решиле да станат членови на црквата. Како охрабрување, тие добиле информација од нивната постара ќерка, која живеела во Франција, дека почнала да оди во локалната адвентистичка црква во нејзиниот град.

Дон, кој има 80 години, активно ги охрабрува луѓето да ги гледаат ТВ-програмите „Надеж" делејќи летоци во болниците и домовите за стари лица.

„Телевизијата „Надеж" станала составен дел од сведочењето на

луѓето на Нов Зеланд. Тој претставува прекрасна основа за библиските учења и за Исусовата порака за љубов кон овој свет на кој му е толку многу потребна надежта во Бога".

Ви благодариме за вашите дарови на 13. сабота во 2016 година со кои помогнавте да се основа ТВ-каналот „Надеж", кој може бесплатно да се гледа во секое домаќинство во Нов Зеланд.

Вашите дарови на 13. сабота ќе бидат употребени за основање на радио и ТВ-канал „Надеж" во Папуа Нова Гвинеја.

Од Ендрју Мекчизни



**НОВ ЗЕЛАНД | 22 октомври 2022**

# Ограбен и благословен

**Ричард**

Еден постар господин кој неодамна почнал да ја посетува Христијанска адвентистичка црква бил ограбен.

Овој настан не само што ја зајакнал неговата вера, туку станал и можност на крадците да им сведочи за Исус.

Оваа приказна започнала една вечер, кога тројца тинејџери упаднале во куќата на Ричард во Вангареј, најсеверниот град во Нов Зеланд.

Ричард спиел со тврд сон, кога еден од разбојниците влегол во куќата низ прозорецот од неговата спална соба, поминал покрај неговиот кревет кон влезната врата од куќата, за да им отвори на другите двајца провалници.

Ричард обично спиел будејќи се неколку пати ноќе, при најмал звук. Меѓутоа, оваа ноќ тој спиел цврсто додека тројцата крадци претурале по неговата куќа.

Во еден момент се разбудил за да оди во тоалет. Момчињата не обрнувале внимание на него додека тој одел до тоалетот и се вратил назад во креветот. Ни тој не ги забележал.

Повторно силно заспал додека момчињата влегувале во неговиот автомобил во гаражата и се оддалечиле со шкрипење на тркалата.

Меѓутоа, еден сосед ја слушнал вревата и истрчал до влезната врата на Ричард за да провери.

Трас, трас, трас! Тропал соседот на вратата.

Немало одговор.

Трас, трас, трас! Повторно затропал.

Конечно, Ричард се разбудил и дошол да ја отвори вратата за да види што се случува.

„Дали знаеш дека ви го украдоа автомобилот?“ прашал соседот.

Наместо да се вознемири, на Ричард му олеснило кога ја виде гаражата празна. Се радувал што Господ го заштитил од зло.

Дваесет минути подоцна дошла полиција.

Го пронашле автомобилот на Ричард со клучевите зад воланот, а потоа со помош на кучиња обучени да откриваат крадци според мирисот, стигнале до куќа оддалечена два километри.

Полицијата му ги предала украдените предмети: таблет, електрична машина за бричење и паричник.

Сепак, приказната не завршила тука. Ричард трипати се сретнал со младите провалници како дел од нивната казна како малолетници.

Тој бил зачуден кога дознал за нивната семејна ситуација, бидејќи ниту еден од родителите не се појавил на рочиштето во полициската станица. Момчињата живееле со нивната баба, дедо и тетка.

Срцето на Ричард било трогнато додека секој од тројцата се извинувал без трошка ароганција. „Ова е ваш прв криминален чин. Не ми се допаѓа тоа што го направивте, но немам ништо против вас. Ви простувам и се надевам дека ќе ја научите лекцијата од овој настан. Не барам никаква оштета“, рекол стариот човек.

Сепак, момчината се обиделе да го поправат својот престап. Еден од нив ја чистел и ја косел тревата околу куќата на Ричард. Исто така, тој испекол и торта за него и му ја однел.

Следниот ден, на вратата на Ричард дошол полицаец, подавајќи му плик со 360 долари.

„Не сакам никаков надомест“, му рекол тој на полицаецот.

Меѓутоа, полицаецот му објаснил дека се работи за пари „коха“ кои дедото на овие тројца момци ги наменил како дар за Ричард, според обичајот на Новозеландските Маори кога некој ќе биде повреден или оштетен.

Ричард напишал многу долго писмо на благодарност, во кое го подвлекол благородното однесување на неговиот дедо и добриот пример за младите.

По три средби со Ричард, момчињата повеќе не биле во опасност

## Во врска со искуството

- Ричард можел да им сведочи на момчињата и на нивните роднини и покрај негативното искуство. Ставете предизвик пред вашите читатели да се молат на Бога да најде начин да им сведочат на своите ближни, дури и преку негативни искуства.
- Преземете ги сликите од Фејсбук bit.ly/fb-mq.
- Преземете ги објавите за мисијата и брзите факти од Јужнопацифичката дивизија: bit.ly/spd-2022.
- Оваа мисионска приказна е објавена и во билтенот на Јужнопацифичката дивизија „*Adventist Record*“.
- Мисионската сторија ги изнесува ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовното растење. Целта број 1 зборува за оживување на концептот на мисијата на црквата во целиот свет за пожртвуваност за мисијата како начин на живот, кој не ги вклучува само пасторите, туку и верниците на црквата, младите и старите, во радосно сведочење за Христа и создавање нови ученици. Целта број 5 зборува за поучувањето на поединците и семејствата со помош на духовни материјали. Повеќе информации за стратешкиот проект „Јас ќе одам“ на Христијанската адвентистичка црква дознајте на IWillGo2020.org.

од властите, а нивното кривично дело е избришано од полициската евиденција.

Ричард, кој ја посетува адвентистичката црква Тикипунга, верува дека овој настан ја обновил неговата вера.

Тој вели дека тоа што не ги слушнал ниту ги забележал провалниците било чудо, бидејќи има ослабено срце откако две години претходно доживеал инфаркт.

„Обично се будам на секое шушкање. Бидејќи живеам сам, се грижам за сè во текот на ноќта“, изјавува тој.

„Верувам дека тогаш Бог беше присутен и во неговата голема љубов и милост ме натера да не слушнам ништо или да не видам никого, бидејќи во спротивно ќе се исплашев и веројатно ќе умрев од срце.

Тој исто така рекол дека е благословен што можел да разговара со момчињата и да ги охрабри.

„Целата оваа ситуација, Бог ја водеше од почеток до крај. Оттогаш, мојата вера и христијанското одење зајакнаа.“

Ви благодариме за даровите на 13-та сабота од ова тримесечје, кои ќе се употребат за момчињата и девојчињата низ Нов Зеланд и Јужнопацифичката дивизија да научат за Исуса преку серија анимирани филмови базирани на книгите на Елена Вајт (Патот кон Христа, Копнежот на вековите, Големата борба).

By Maryellen Hacko



# Молитви, билки и пандемијата

**Ејми**

Ејми се соочувала со можност да остане бездомник кога Мелбурн беше затворен поради пандемијата Ковид-19, што предизвикало компанијата во која работел нејзиниот сопруг драстично да го намали работното време, а со тоа и неговата заработка.

Сепак, таа верувала дека Бог сето тоа ќе го изведе на добро. Нејзиниот сопруг Џонатан и таа биле крстени во Христијанската адвентистичка црква извесно време претходно. Ејми се молела за работа за да му помогне на Џонатан со нивниот семеен домашен буџет.

Пред неа стоеле неколку предизвици. Ејми не знаела да вози, а и многу било тешко да се вработи. Кога отишла на првото интервју за работа ја зела пријателката со себе, а на крај работодавецот ѝ ја понудил работата на нејзината пријателка.

„Не се грижи!“ ја храбрел Џонатан. „Ако сега немаш работа, не било Божја волја ти да ја добиеш таа работа, и сигурно не била за тебе“.

Ејми продолжила да се моли. Додека се молела така, ѝ текна дека одгледувањето билки во нејзината градина ѝ причинува вистинско задоволство. Таа се фотографирала покрај саксиите со растенија и ги објавила на Фејсбук, каде пронашла група љубители на билки.

Еден ден, Ејми била поттикната од видео што еден човек го објавил во таа група на Фејсбук.

Така, решила да му го испрати својот видеоклип и коментирала: „Посакувам да можам да работам со вас бидејќи навистина ми се допаѓа како работите и сакам да одгледувам билки“. По некое време, добила одговор од тој човек: „Каде живеете?“ прашал тој.

Кога му ја дала локацијата, го добила телефонскиот број на директорот на тамошниот расадник за билки. Нестрпливо го свртела бројот.

„Дали би сакале да дојдете кај нас на разговор денес во 16:30 часот?“ прашал директорот.

Ејми среќно одговорила потврдно, сфаќајќи дека расадникот за билки е во дел од градот до кој може да оди пешки. Не ѝ требало возење.

Таа сакала да ја врши Божјата волја. „Господи, ако оваа работа не е за мене, направи нешто за да ја спречиш“, се молела таа.

## Во врска со искуството

- Замолете една девојка да ја сподели оваа сторија како нејзино искуство.
- Преземете слики од Фејсбук: bit.ly/fb-mq.
- Преземете ги мисионските постови и брзи факти од Јужнопацифичката дивизија: bit.ly/sad-2022.
- Оваа сторија за мисијата се заснова на пишаниот извештај на Јужнопацифичката дивизија, кој може да се прочита во списанието „Adventist record".
- Мисионската сторија ги изнесува ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам" зборува за целите на духовното растење. Целта бр. 5 зборува за поучувањето на поединците и семејствата со помош на духовни материјали. Оваа цел зборува за зголемување на бројот на верници на црквата кои редовно се молат, ја проучуваат Библијата користејќи ги саботношколските материјали и списите на Елена Вајт. Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам" на: IWillGo2020.org

## Мисионски информации

- Првите мисионери што дошле во Австралија биле Стивен Хаскел, Џон Корлис и неговото семејство, Мендел Израел и неговото семејство, сопственикот на печатницата Хенри Скот и Вилијам Арнолд. Првата адвентистичка црква во Австралија е основана во 1886 година во Норт Фицрој, предградие на Мелбурн, со 28 членови.

Не сакајќи да доцни, тргнала многу порано. Стигнала до расадникот за само половина час, многу порано од предвиденото време. Додека чекала, се обидела да се скрие меѓу украсните грмушки на влезот, не сакајќи никој да ја види.

Меѓутоа, директорот ја видел и ѝ рекол: „Дали си ти Ејми?"

Кога таа кимнала со главата, тој ја поканил внатре и додека се движеле кон неговата канцеларија, тој ѝ ја опишал работата.

Потоа, ја запознал со сите вработени, покажувајќи ѝ ги билките што тие ги одгледуваат.

Гледајќи го нејзиниот ентузијазам, тој ѝ понудил работа со полно работно време на самото место.

Ејми била изненадена како Бог го искористил нејзиниот коментар на Фејсбук за да ѝ даде работа на половина час пешачење од нејзиниот дом за време на пандемијата.

Со своето семејство Ејми сега може да продолжи да живее во својата куќа.

Ејми набрзо ги запознала сите области од бизнисот и можела да помогне секаде каде што е потребно. Таа уживала во разновидноста на нејзината работа. Ја интересирало и тоа со што и кога да ги храни растенијата, бидејќи сакала правилно да ги негува и билките во нејзиниот дом.

Со дозвола од директорот, таа носела садници дома за да започне со свои насади. Времето брзо поминало.

Бог навистина одговорил на нејзините молитви, или барем така мислела таа.

Кога завршил месецот и требало да ѝ се исплати заработената плата, таа се збунила. Додека сите други добиле пари, таа не добила ништо. Кога го прашала менаџерот за тоа, ѝ било кажано дека била платена со садниците што ги однела дома.

Ејми не можела да поверува во она што го слуша. Да, таа носела садници дома, но со дозвола на директорот. Никој не ѝ кажал дека може да бира помеѓу садниците од растенијата или платата.

Дома, нејзиниот сопруг Џонатан ѝ рекол дека Бог го води сето тоа. „Не грижи се, само моли се“. Во текот на целиот викенд и двајцата се молеле.

Во понеделникот наутро, Ејми била пријатно изненадена кога пристигнала на работа. Пред сè и пристапил директорот во придружба на сопругата која ѝ држела торта и со искрено извинување ѝ рекла дека дошло до недоразбирање и дека ќе ја земе целата плата.

Олеснување и радост го исполниле срцето на Ејми. Уште еднаш Бог одговорил на нејзините молитви.

Нејзиното семејство можело да остане во својот дом.

Ви благодариме што планирате великодушно да ги приложите своите дарови на 13-тата сабота за да помогнете во ширењето на вистината за Исуса низ Австралија и Јужнопацифичката дивизија.

By Maryellen Hacko





**АВСТРАЛИЈА | 5 ноември 2022**

# Глад за Христа

## Петар

Кога Петар имал 7 години, го удрил автомобил додека ја минувал улицата на пешачки премин во близина на неговото училиште. Се враќал кон својот дом во Бризбејн, Австралија.

Тој бил фрлен неколку метри од силината на ударот. Останал во кома шест месеци. Додека Петар лежел во кома, баба му била исплашена за неговото спасение, па организирала да биде крстен.

Следејќи ја својата верска традиција, свештеникот го посипал со вода момчето во кома.

Кога Петар се освестил, било јасно дека несреќата влијаела и на неговиот ум. Морал повторно да ги учи основните работи како што се јадење и користење на тоалетот. Тој, исто така, се борел со читање и разбирање на она што го зборуваат луѓето.

И покрај предизвиците со кои се соочувал, тој бил упорен во совладувањето и стекнувањето нови искуства во следните осум години.

За тоа време, неговата баба понекогаш го носела во црква.

Тој сакал да оди во црква. Во себе ја препознал гладта за Бога, копнеејќи да ја задоволи.

Кога имал 16 години, ја прашал мајка си дали може поредовно да оди во црква, не само понекогаш во недела со баба му.

Мајката се согласила и Петар почнал да оди почесто во црква во текот на седмицата.

Во следните десет години присуствувал на многу богослужби и посетил многу цркви. Се оженил и добил две ќерки. Работел како столар кога од еден свој муштерија дознал за адвентистичката црква.

Времето минувало, а тој се преселил во куќа која се наоѓала во улица каде што била христијанската адвентистичка црква. Секојдневно минувајќи покрај улицата размислувал како изгледаат богослуженијата во таа црква.

Едно саботно утро видел многу коли паркирани пред црквата. Решил да влезе внатре за да види што се случува.

Верниците од црквата го примиле Петар со топло добредојде. Го поканиле да ја проучува поуката во саботношколската класа. Тој запознал нови луѓе. По богослуженијата, некој дури му понудил да го пренесе дома.

Петар дошол во црква следната сабота, а потоа и следната.

„Запознав луѓе кои се толку грижливи и љубезни. Тоа е она што ме привлече да продолжам да доаѓам на богослуженијата.

Почнал да ја проучува Библијата со пасторот на црквата. Додека читал, почувствувал дека неговата духовна глад за правда е задоволена. За прв пат поцелосно го запознал Исуса, и почувствувал мир во срцето.

Тој решил да му го предаде своето срце на Исуса со библиско крштевање, потопување во вода. За време на првото крштевање, тој бил во кома, несвесен за тоа што се случува. Сега сакал да се крсти според негова лична одлука.

Едно саботно утро, верниците на адвентистичката црква го поздравиле својот нов брат со спонтани овации и аплаузи кога тој излегол од базенот за крштевање. Неговата духовна потрага по Бога доживеала

## Во врска со искуството

- Преземете ги сликите од Фејсбук: bit.ly/fb-mq.
- Преземете ги мисионските постови и брзи факти од Јужноамериканската дивизија: bit.ly/sad-2022.

Оваа сторија за мисијата се заснова на пишаниот извештај на Јужнопацифичката дивизија, кој може да се прочита во списанието „Adventist record“.

- Мисионската сторија ги изнесува ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовното растење. Целта бр. 5 зборува за поучувањето на поединците и семејствата со помош на духовни материјали. Оваа цел зборува за зголемување на бројот на верници на црквата кои редовно се молат, ја проучуваат Библијата користејќи ги саботношколските материјали и списите на Елена Вајт. Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org

## Мисионски информации

- Австралија е и најголемиот остров и најмалиот континент во светот во исто време. Голем дел од нејзината територија е пустина, позната како „Отбек“. Името Австралија доаѓа од латинското име „Australis“ што значи „Југ“.
- Луѓето кои ги населувале овие области се Абориџини.

Во 1851 година, во Австралија било откриено злато, што доведе до „Златна треска“ слична на онаа во Калифорнија во 1849 година. Ископувањето злато донесе илјадници имигранти во оваа земја. Во 1859 година биле основани 6 посебни колонии, кои набргу се обединиле и ја формирале Австралиската федерација.

Едно од најпознатите туристички места е карпата Улуру. Тоа е света абориџинска карпа која се издигнува до височина од 335 метри. Се нарекува и „Црвен центар“ и претставува една од најголемите карпи во светот.

убав крај, а воедно и прекрасен почеток на новиот пат.

Исус им порачува на оние кои се стремат кон правдата: „Блажени се гладните и жедните за правда, зашто тие ќе се наситат!“ (Матеј 5,6)

Ви благодариме што планирате да издвоите великодушни средства за 13-тата сабота од ова тримесечје, кои ќе бидат употребени за ширење на радосната вест во Јужнопацифичката дивизија, вест што Петар ја научил за љубовта и спасението во Исуса.

Од Линет Ешби






# Соломон кој го променил светот

**Соломон**

Соломон мислел дека добро ја познава Библијата. Тој често го слушал проповедникот додека читал стихови во неговата селска црква во Папуа Нова Гвинеја.

Тој верувал во Бога кој е на небесата, како што е опишано во Библијата, но не проучувал сам за себе.

Еден ден, во планинското село на Соломон се појавил мисионер адвентист, кој на собраните селани, вклучувајќи го и Соломон, им ја подарил книгата наречена „Библија која го менува светот".

„Дојдов во вашето село да ја ширам Божјата реч", рекол тој.

Соломон бил среќен што сега имал своја Библија, а насловот на книгата „Библија која го менува светот" навистина му се допаднал. Размислувал за тоа што значи да се промени светот.

Мисионерот го забележал интересирањето на Соломон за духовните теми и го повикал заедно да ја проучуваат Библијата во мала група. Проучувањата траеле околу 15 - 20 минути.

На првото проучување, мисионерот ги повикал собраните да ги отворат своите Библии во првата глава од Евангелието според Марко. Пред да почне да чита, кратко се помолил на Бога.

По молитвата, тој го замолил Соломона да го прочита текстот. Соломон читал за Јован Крстител, проповедникот облечен во облека од камилски влакна, кој го крстил Исуса во реката Јордан.

Кога завршил со читањето, мисионерот побарал од друго момче од групата повторно да ја прочита целата глава. Потоа прашал дали некој од присутните може да ги раскаже настаните од прочитаниот библиски пасус. Така започнала дискусија.

Тој ги постави прашањето „Дали слушнавте нешто ново што не сте го слушнале досега".

Откако разговарале за новото, мисионерот прашал дали има нешто во овој запис што ги изненадило или нешто што не го разбираат. Потоа го поставил прашањето: „Има ли нешто од овој запис што можете да го примените во вашиот живот?"

## Во врска со искуството

- Проектот „Библијата го менува светот“ е започнат врз основа на иницијатива на Јужнопацифичката дивизија, поточно одделението за млади. Тоа одделение го води д-р Ник Крос. Неговата желба е да им овозможи на 200.000 млади луѓе од оваа дивизија, на возраст од 15 до 23 години, да го добијат својот примерок на Библијата. Цената на овој проект е 736.500 американски долари. До денес, повеќе од 225.700 Библии се поделени низ целата дивизија, која ги вклучува Папуа Нова Гвинеја, Соломонските Острови, Самоа, Фиџи и други островски држави. Повеќе информации за овој проект можете да најдете на: bit.ly/worldchangersbible.

  Повеќе информации за проектот „Запознајте ја Библијата со читање“ може да најдете на: bit.ly/discoverybiblereading.
- Преземете слики од Фејсбук: bit.ly/fb-mq.
- Преземете ги мисионските постови и брзи факти од Јужнопацифичката дивизија: bit.ly/sad-2022.
- Оваа сторија за мисијата се заснова на пишаниот извештај на Јужнопацифичката дивизија, кој може да се прочита во списанието „Adventist record“.
- Мисионската сторија ги изнесува ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовното растење. Целта бр. 2 зборува за јакнење и диверзификација на мисијата на адвентистичката црква во големите градови, како и јакнење на работите кои влијаат на духовното растење. Целта бр. 5 зборува за поучувањето на поединците и семејствата со помош на духовни материјали. Оваа цел зборува за зголемување на бројот на верници на црквата кои редовно се молат, ја проучуваат Библијата користејќи ги саботношколските материјали и списите на Елена Вајт. Целта на мисијата бр. 6 зборува за зголемување на пристапувањето, задржувањето, учеството на децата и младите“; Целта на духовен раст бр. 7, „Да им се помогне на тинејџерите и младите да го стават Бог на прво место во нивните животи и да постават пример за библиски поглед на светот“. Повеќе информации за стратешкиот проект „Јас ќе одам“ на Христијанската адвентистичка црква дознајте на: WillGo2020.org.

Некој одговорил дека е важно да се биде крстен. Затоа што во овој извештај Исус бил крстен.

Како што се вжештувало библиското проучување, мисионерот прашал: „Што од овој запис би споделиле со некого оваа седмица?“ Потоа се молел, „Најмил Боже, ти благодарам што ни го даде твоето Слово. Помогни ни да го следиме и да го примениме во нашиот живот“.

На Соломон му се допаднало вакво библиско проучување. Се чувствувал како да добил ново спознание за Исуса.

Во текот на годината, љубовта кон Исуса што ја чувствувал Соломон растела во неговото срце доде-

ка продолжувал да ги посетува библиските проучувања.

Секое проучување следело сличен концепт: состанокот би започнал со молитва, потоа двајца луѓе читале стихови од Библијата, трето лице раскажувало за што станува збор. Потоа мисионерот поставувал прашања, дали нешто од прочитаното може да го применат во нивниот живот. Состанокот би завршил со предизвик до слушателите да им сведочат на своите ближни во текот на седмицата за она за што се разговарало. На крајот некој би се помолил.

Соломон дознал дека мисионерот користел програма за проучување на Библијата што го развила Јужнопацифичката дивизија наречено „Откривај читајќи ја Библијата“.

Тој, исто така, дознал дека оваа дивизија на христијанска адвентистичка црква имала план да подели 200.000 Библии на млади луѓе и конечно го дознал значењето на името „Библија која го менува светот“.

Дознал дека личноста која го менува светот е онаа која ги следи Исусовите принципи и која сака да живее според Божјата волја, сведочејќи им на другите луѓе за Неговата голема љубов и милост.

По една година проучување на Библијата, Соломон одлучил да стане дел од луѓето кои сакаат да го променат светот, следејќи го примерот на Исус. Набргу потоа, тој се крстил, според примерот од Евангелието според Марко, првата глава.

Денес Соломон води група млади луѓе во изградбата на нова адвентистичка црква во неговото село. Тој е исто така и мисионер кој ги користи материјалите од програмата „Библија која го менува светот“ и со својот живот им сведочи на родните и пријателите.

„Сега кога сум адвентист, моја голема желба е членовите на моето семејство да се придружат на Божјата црква.“

Ви благодариме што планирате да издвоите средства за мисијата кои ќе помогнат во ширењето на евангелието во Папуа Нова Гвинеја и ширум Јужнопацифилката дивизија.

By Andrew McChesney



# Нема повеќе страв

## Џек

Запознајте го Џек. Тој е припадник на племето Бајманканем во Папуа Нова Гвинеја.

Од неговите најрани сеќавања, неговото племе и тој живееле под сенката на стравот и занемарувањето во провинцијата Џивака.

Сега сè е во ред со провинцијата. Самата провинција се наоѓа во централниот дел на оваа островска држава, и претставува прекрасно место за живеење.

Се наоѓа во многу плодна долина низ која тече река која ги обезбедува сите потреби на луѓето. За моштвото засега главно се одгледуваат кафето и чајот во оваа плодна област.

Меѓутоа, животот бил особено тежок за луѓето од племето на Џек. Нивниот живот бил растргнат од навидум бескраен циклус на омраза, насилство, расправи околу сопственоста над земјиштето и други внатрешни конфликти.

Поради овие судири, луѓето од ова племе не добивале основни услуги од државната власт. Немало организирано здравство, немало лекари, немало медицински сестри. Децата од ова племе не оделе на училиште. Немало полиција која би воспоставила ред и мир. Патиштата не биле одржувани, а луѓето биле препуштени сами на себе и на нивниот очај.

Животот во такви околности станал нормално секојдневие за Џек и за неговиот народ. Долго време живееле под сенката на насилството и стравот.

Меѓутоа, тоталното вклучување на верниците на христијанската адвентистичка црква стигнало до оваа област. Тоталното вклучување на верниците е иницијатива на светската адвентистичка црква, која го поттикнува секој член на локалната црковна заедница да доведе некого кај Исуса.

Верниците на црквата дошле во оваа област и организирале библиски проучувања. Овие проучувања го подготвиле патот за евангелски состаноци. Додека Џек и неговите соплеменици ја читале Библијата, стравот и насилството биле ставени настрана, а луѓето му го предавале своето срце на Исуса преку крштевање.

## Во врска со искуството

- Замолете машко лице да ја раскаже оваа приказна како негово лично искуство.

Тоталното вклучување на сите верници носи мир и надеж за Џек и за неговиот народ. Поставете предизвик пред вашите читатели – на кој начин можете да учествувате во оваа програма на Адвентистичката црква која носи надеж и мир. Повеќе информации за оваа програма можете да најдете на: tmi.adventist.org.

- Преземете ги сликите од Фејсбук: bit.ly/fb-mq.
- Преземете ги мисионските постови и брзи факти од Јужнопацифичката дивизија: bit.ly/sad-2022.
- Оваа сторија за мисијата се заснова на пишаниот извештај на Јужнопацифичката дивизија, кој може да се прочита во списанието „Adventist record“.
- Мисионската сторија ги изнесува ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовното растење. Целта бр. 2 зборува за јакнење и диверзификација на мисијата на адвентистичката црква во големите градови, како и јакнење на работите кои влијаат на духовното растење. Целта бр. 5 зборува за поучувањето на поединците и семејствата со помош на духовни материјали. Оваа цел зборува за зголемување на бројот на верници на црквата кои редовно се молат, ја проучуваат Библијата користејќи ги саботношколските материјали и списите на Елена Вајт. (Дознајте повеќе на: WillGo2020.org.

## Мисионски информации

Во 1907 година, Септимус и Едит Кар, учители во училиштето Буресали во Фиџи, ја започнале мисионската работа во Папуа Нова Гвинеја. Тие тргнале на пат со нивниот ученик Бенисимани Таводи и отпловиле во Порт Морезби во 1908 година. Септимус потоа отпатувал до Согери Плато, североисточно од Порт Морезби, каде што климата била постудена, а земјата поплодна. Тој купил 60 хектари земја од локалните селски власти, започнувајќи со изградба на црква која ја завршил во 1909 година. Оваа црква по име „ Бисијатабу“ се наоѓа на надморска височина од 1.000 метри.

Adventist Mission South Pacific Division

Адвентистичката црква организирала посебна служба за помирување и обединување на завојуваните кланови.

Џек бил изненаден кога ги видел резултатите. Тој вели: „Благодарен сум на локалната адвентистичка црква за успешното спроведување на програмата и за одржување на евангелските состаноци, саботните крштевања, организирање на различни служби за помирување кои ги трогнаа срцата на многумина, особено на мајките и сестрите кои стоеја покрај своите браќа, сопрузи и синовите во солзи радосници. Оваа служба за помирување ќе остане запаметена во историјата на мојот народ“.

Џек ги повикал своите најблиски, како апостол Павле, да го оставаат настрана минатото и да продолжат напред со надеж. Тој вели: „Би сакал да ја завршам оваа мисла со повик до мојот народ: Ајде сите да ја прифатиме оваа промена и заедно да

изградиме мир и да воспоставиме нормална состојба меѓу нас. Како апостол Павле, јас се сметам себеси за најголем грешник, но дека Бог е уште поголем кога успеа да ми го промени срцето. Сега со нетрпение го очекувам патот по кој ме праќа, бидејќи знам дека тоа е пат кој води до љубов, мир и радост".

Џек, заедно со апостол Павле, може да каже: „Му благодарам на Христос Исус, нашиот Господ, Кој ми даде сили, зашто сметаше дека заслужувам доверба, кога мене ме постави на служба, мене, кој порано бев хулител, гонител и насилник; но ме помилува, бидејќи тоа го правев без да знам, во неверие. Но заедно со верата и љубовта во Христос Исус изобилуваше и благодатта на нашиот Господ. Верен е тој збор и достоен е сосема да се прифати: Христос Исус дојде на светот за да ги спаси грешниците, меѓу кои сум прв јас. Па затоа бев помилуван, за да ја покаже Исус Христос прво на мене сета долготрпеливост, како пример на оние кои ќе поверуваат во Него за живот вечен. А на Царот на вековите, на Нераспадливиот, Невидливиот, Единствен Премудар Бог – нека е чест и слава во сите векови. Амин!" (1. Тимотеј 1,12-17)

Вашите дарови на 13. сабота од ова тримесечје ќе бидат употребени за основање на ТВ и радио каналот „Надеж" во Папуа Нова Гвинеја. Ова ќе им овозможи на луѓето во оваа земја да дознаат за Исусовата служба на помирување, надеж и мир.

Ви благодариме што планирате великодушно да ги приложите вашите дарови.

By Andrew McChesney





ТУВАЛУ | 26 ноември **2022**

# Морнарот се враќа дома

## Бери

Една тетка, верничка на адвентистичката црква, го носела Бери во црква секоја сабота на мал остров во средината на Јужниот Пацифик. Меѓутоа, во недела неговите родители го носеле во друга црква.

Така Бери пораснал во оваа островска држава, која се состои од 9 помали острови со 11.000 жители, меѓу Австралија и САД (Хаваите).

Во Тувалу постои обичај децата да ги одгледува најмладата сестра на нивната мајка. Така Бери пораснал со тетка Пена.

Пена многу го сакала Бери, третирајќи го како свој син. Секоја сабота го носела во адвентистичката црква „Ниутао“, единствената адвентистичка црква на нивниот остров Ниутао.

Мајката на Бери немаше против нејзиниот син да оди во адвентистичката црква. Како и нејзината сестра, и таа била крстена во Адвентистичката црква, но нејзиниот сопруг припаѓал на друга христијанска деноминација. Така, тие го носеле Бери во црква во сабота и во недела.

Кога дошол во своите тинејџерски години, решил да се запише во поморско училиште, да стане морнар. Бидејќи Тувалу е опкружен од сите страни со океан, многу островјани работат на работни места поврзани со океанот. Откако го завршил училиштето, Бери се вработил како морнар, помагајќи му на своето семејство испраќајќи им дел од својата заработка. Откако се оженил продолжил да работи како морнар, испраќајќи им пари на сопругата и децата.

Бидејќи бил воспитан да присуствува во две различни цркви, Бери не бил сигурен во што да верува. Неговата сопруга Тауфуа припаѓала на истата црква како и неговиот татко. Животот и работата како морнар го одвоиле од одењето во двете цркви и полека западнал во хаос.

Почнал да консумира алкохол и тутун. Во видно алкохолизирана состојба имал три несреќи на мотор додека бил на одмор дома.

Секој пат го носеле во единствената болница во оваа земја, облеан во крв и без свест.

Бери не поминувал многу време со сопругата и нивните четири деца. Неговата сопруга работела во државна служба. Дома, семејството ретко се собирало, занемарувајќи да поминува време заедно и да се моли.

Меѓутоа, ненадејна болест го потресло ова семејство.

Најстарата ќерка Лиена се разболела од заушки. Таа морала итно да биде пренесена во болница во Фиџи на итно лекување.

Бери и Тауфуа ја придружувале својата ќерка до Фиџи, островска држава на 2,5 часа лет со авион од Тувалу.

Во болницата Бери почнал сериозно да размислува за Бога за прв пат во својот живот. Се сетил како тетка му го носела во адвентистичката црква како момче и почнал да се моли.

Лиена наскоро закрепнала.

Враќајќи се во Тувалу, решил да ја напушти работата како морнар, да се одвои од штетното влијание на лошите навики и да започне нов живот со Бога.

Почнал да ја проучува Библијата со сопругата и ќерката Лиена во адвентистичката црква секоја сабота. Редовно одејќи во црква и проучувајќи ја Библијата, почнал да се интересира за мисионските активности.

Во текот на 2021 год., неговата сопруга, најстарата ќерка и тој му го

предале животот на Исуса и биле крстени со потопување во вода.

Денес нивниот дом е исполнет со радост. Тауфуа и Бери пронашле радост во молитвата, во заедницата со Бога и во мисионските активности организирани од црквата.

Ви благодариме што помагате да се оствари снимањето и продукцијата на детската сериска програма заснована на книгите на Елена Вајт со вашите донации на 13-тата сабота.

Оваа серија е наменета за децата во Тувалу и ширум Јужнопацифичката дивизија, а ќе се емитува на ТВ каналот „Надеж“ и на Интернет.

Ви благодариме што планирате да издвоите великодушни средства за дарот на 13-тата сабота.

By Vaguna Satupa

## Во врска со искуството

- Преземете ги сликите од Фејсбук: bit.ly/fb-mq.
- Преземете ги мисионските постови и брзи факти од Јужномериканската дивизија: bit.ly/sad-2022.
- Мисионската сторија ги изнесува ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовното растење. Целта број 1 зборува за јакнење и диверзификација на мисијата на адвентистичката црква во големите градови, како и јакнење на работите кои влијаат на духовното растење. Целта број 5 зборува за поучувањето на поединците и семејствата со помош на духовни материјали. . Повеќе информации за стратешкиот проект „Јас ќе одам“ на Христијанската адвентистичка црква дознајте на IWillGo2020.org.





САМОА | 3 декември 2022

# „Еве ме, прати ме мене!“

### Азијата

Азијата, татко на три возрасни деца и дедо на тројца внуци, не го знаел значењето на кратенката АДРА кога дошол во канцеларијата на интервју за работа во Апија, главниот град на Јужнопацифичката островска држава Самоа. Меѓутоа, она што го знаел е дека е без работа и дека очајно му требаат пари за да го издржува семејството.

За време на интервјуто, директорот на АДРА го објаснил значењето зад насловот, велејќи дека АДРА сака да ангажира некого за да ѝ помогне на локалната заедница да се подготви за циклони и други природни катастрофи.

На Азијата му се допаѓала идејата да му помага на своето семејство и најблиските да се подготват за циклоните навреме. Силни налети на ветер ја погодуваат Самоа на секои неколку години, уништувајќи ги куќите на луѓето, патиштата, електричната мрежа, загрозувајќи ги животите.

Иако неодамна се вратил од Австралија, каде што поминал извесно време, тој имал длабоки корени во локалната заедница.

Неговото семејство ја основало селската црква, а тој бил член на црковниот одбор на неговата деноминација.

Азијата се вработил во АДРА.

Кога го повикале да започне со работа, се соочил со дилема. Директорката на АДРА сакала тој да почне со работа истиот ден кога бил неговиот завршен испит што ќе го квалификува да проповеда во својата црква. Тој навистина сакал да работи. Парите му требале, но сакал и да го положи испитот. Тој го сакал Бога.

Својот проблем ѝ го објаснил на директорката на АДРА.

Таа одговорила дека сè е во ред, и дека може да почне со работа следниот понеделник.

Азијата почувствувал големо олеснување. Тој ја ценел флексибилноста на директорката и нејзината почит кон неговата вера. Го положил лаичкиот пасторски испит и започнал со својата нова работа.

Поминале неколку месеци и тој дознал дека христијанската адвентистичка црква ќе организира специјални состаноци во Самоа. Еден евангелист мисионер ќе допатува од Австралија и ќе одржи серија предавања во главниот конгресен центар на островот.

Овие предавања ќе се емитуваат во живо и ќе може да се следат од адвентистичките цркви низ Самоа. Азијата добил покана да присуствува на главниот настан во конгресниот центар.

На предавањата ги повикал и сопругата, двете возрасни деца, снаата и други луѓе од неговото родно село. Тие седеле во првиот ред пред подиумот во текот на сите 14 вечери од овие мисионски предавања.

Кога предавачот ги повикал присутните да станат ако сакаат да се крстат, Азијата заедно со членовите на семејството и роднините станал, покажувајќи дека е подготвен да го прими Господа Исуса во своето срце и да склучи завет со Него со крштевање, со нурнување во вода.

Тие биле крстени последната сабота од евангелските предавања.

Поминале три години, а во 2020 година била организирана нова двонеделна евангелска серија предавања. Говорник бил претседателот на Адвентистичката црква во Самоа. Пред секое предавање се организирал 15-минутен разговор за здравјето. Тие здравствени презентации ги држел самиот Азијата. Тој зборувал за тоа како здравиот начин на живот може да го спречи дијабетесот, широко распростране-

та болест што доведува многу жители на Самоа до ампутација на делови од телото.

Азијата го поканил целото негово соседство на овие предавања. Секој ден по работното време, во текот на сите 14 вечери на програмата, доаѓал со својот камион и ги превезувал соседите до конгресната сала. По оваа серија предавања, шест од нив се крстиле.

Во 2021 година, адвентистичката црква ја организирала третата серија предавања. Азијата повторно ги повикал сите од соседството. По серијата две души се крстиле.

Не постои посреќен човек на планетата од него, смета тој. „Господ ме водеше и ми ја отвори вратата да растам духовно преку АДРА“.

На Азијата особено му се допаѓа библискиот стих: „И го чув гласот на Господ, Кој рече: 'Кого да испратам и кој ќе отиде за нас?' А јас реков: 'Еве ме мене, испрати ме мене!'“ (Исаија 6,8)

## Во врска со искуството

- Преземете слики од Фејсбук: bit.ly/fb-mq.
- Преземете ги мисионските постови и брзи факти од Јужнопацифичката дивизија: bit.ly/sad-2022.
- Мисионската приказна ги илустрира ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта број 1 зборува за заживување на концептот на мисијата во целиот свет и пожртвуваноста за мисија како начин на живот кој ги вклучува не само пасторите туку и секој верник на црквата, млад и постар, во радоста на сведочењето за Христа и создавањето ученици. Целта на духовниот раст бр. 5, „е поучување на поединците и семејства да водат живот исполнет со Духот“; Проектот „Да спасиме 10.000 прсти“ ја илустрира целта на мисијата бр. 4, „Да се зајакнат институциите на Христијанската адвентистичка црква во зачувувањето на слободата, здравјето и надежта во Исуса преку обновување на Божјиот лик кај луѓето . Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Мисионски информации

- Во водите околу Самоа може да се видат китови, делфини и морски прасиња. На копно можат да се видат 82 видови птици, меѓу кои 7 вида се загрозени.

Ви благодариме за даровите на 13. сабота од пред три години што помогнаа да се оствари програмата „Зачувај 10.000 прсти“, програма која работи на спречување на ампутација на прсти и други делови од телото поради дијабетес во Самоа и во другите земји од Јужнопацифичката дивизија.

By Andrew McChesney






# Бог ги оспособува оние што ги повикува во служба

**Френк**

Френк пораснал како разгалено момче во Јужнопацифичката островска држава Вануату. Единственото дете од вториот брак на неговиот татко, тој бил многу згрижен и разгален од неговите родители, како Јосиф од страна на Јаков во библискиот извештај.

И исто како во приказната на Јосиф, љубоморните браќа од првиот брак на нивниот татко предизвикале недоразбирања во односите со Франко.

Постојано со префрлувања и задевања од неговата маќеа, Френк не бил многу среќен во својот дом. Неговата среќа ја нашол како ученик во локалната адвентистичка академија „Аоре“.

Стекнал многу пријатели и сакал да оди во црква во сабота.

На крајот од основното училиште тешко се разболел и бил хоспитализиран. Неговите родители се загрижиле. Откако ја напуштил болницата, тие решиле да го задржат дома, плашејќи се за неговото здравје. Тоа било крај за образованието на Френк. Никогаш не завршил основно училиште.

Со текот на времето почнал да излегува од дома, да се дружи со други момчиња од селото. Немал никакво знаење ниту вештина што би му помогнала да најде работа. Кога неговиот татко починал, неговите полубраќа го наследиле имотот, оставајќи го Френк без ништо.

Станал изгубено селско момче без ништо и без смисла или цел во животот. Животот му се чинел без никаква смисла.

Еден предмет кој особено го привлекувал вниманието на Френк додека ја посетувал академијата „Аоре“ биле занаетчиските часови по столарија. Сеќавајќи се на часовите по столарија, почнал да прави помали парчиња мебел, како и да работи во градежништво, да гради куќи во своето село.

Поминале години, Френк се оженил и имал деца.

Со текот на времето, тој престанал да прави мебел, потпирајќи се на приходите на неговата мајка и сватовите. Неговата сопруга и тој често се расправале поради тоа што тој не работи и не се грижи за нивните деца.

Се чинело како да се наоѓа во ќорсокак.

Во очај, една вечер, Френк паднал на колена, барајќи помош од Бога.

„Господи, те молам помогни ми, бидејќи навистина не знам што да правам“.

Набргу потоа, еден од полубраќата, Кен, му понудил работа како столар на фарма каде што произведувал кокос и какао. Френк му се заблагодарил на Бога за работата, користејќи ги своите стекнати вештини, ја поправал столаријата на фармата.

Подоцна, една фабрика за конзервирана храна го ангажирала како работник за одржување. Неговата посветеност на работата го привлекло вниманието на главниот шеф.

Кога фабриката банкротирала, неговиот шеф започнал сопствен бизнис и го ангажирал Френк како столар, да прави столарија за комерцијални институции.

## Во врска со искуството

- Преземете слики од Фејсбук: bit.ly/fb-mq.
- Преземете ги мисионските постови и брзи факти од Јужнопацифичката дивизија: bit.ly/sad-2022.
- Мисионската приказна ги илустрира ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта број 1 зборува за заживување на концептот на мисијата во целиот свет и пожртвуваноста за мисија како начин на живот кој ги вклучува не само пасторите туку и секој верник на црквата, млад и постар, во радоста на сведочењето за Христа и создавањето ученици. Целта на духовниот раст бр. 5, „е поучување на поединците и семејства да водат живот исполнет со Духот“. Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Мисионски информации

- Во 1911 година, Калвин и Харолд Паркер заедно со нивните сопруги Клара и Миртл Кер, и медицински сестри, биле испратени од Австралиската унија да основаат мисионска база во Вануату како пионери. Во 1912 г., тие дошле во Порт Вила и тука ја започнале својата мисија.

Френк станал успешен, забораваjќи на Бога и на неговата молитва, кога бил во очај.

Една ноќ ја сонувал баба му која му порачала дека ќе стане угледен бизнисмен, дека ќе има своја приватна компанија, но за да се случи тоа треба да му биде верен на Бога.

Овој сон го одушевил Френк, а тој решил своето срце да му го предаде на Бога. Почнал да оди во црква секоја сабота.

Во текот на следните неколку години, неговиот сон се остварил. Френк станал сопственик на успешна градежна и столарска компанија која вработувала многу работници.

Сеќавајќи се на неговата желба да му биде верен на Бога, се вратил во родното село за да се смири со своите полубраќа и со другите членови на семејството.

Пристигнувајќи во селото, видел дека неговите полубраќа изградиле мала адвентистичка црква користејќи локални градежни материјали. Мараната АСИ им донирала градежни материјали за изградба на поголема црква, но работата не била довршена.

Френк одлучил да изгради многу поголема црква според неговиот дизајн. Тој се чувствувал многу пријатно додека работел на изградба на Божјиот дом. Копнеел да направи иште повеќе за Бога. Со таа идеја, тој создал служба која ќе ги поправа и ќе ги довршува недовршените цркви низ Вануату.

Денес, тој помага во финансирањето на многу проекти за реновирање и изградба на црквата. Тој е главен старешина во неговата селска црква „Бора Бора" на островот Санто.

Френк смета дека нашол смислата и целта во својот живот со Бога.

„Благодарен сум на Бога што ме подигна од состојба на неквалификувано селско момче во многу баран професионален столар."

Ви благодариме за даровите што ќе ги дадете на 13-та сабота во ова тримесечје, а кои ќе бидат употребени за да им помогнеме на семејствата во Вануату и насекаде низ Јужнопацифичката дивизија да им сведочат на луѓето за Божјата љубов и планот за нивниот живот преку анимираната ТВ-серија која се базира на Книгите на Елена Вајт.

By Max Zenebe



ВАНУАТУ | 17 декември 2022

# Сопруга што се моли

## Даматуи

Даматуи и Стелин имале необичен договор во врска со богослужението. Секоја сабота, Стелин одела во адвентистичка црква со нивните три сина на островот Ефате, во Јужнопацифичката држава Вануату.

Секоја недела, Даматуи одел во својата црква, каде што бил старешина.

Овој брачен пар никогаш не одел заедно во црква. Дома никогаш не зборувале за религија. Секој разговор за Библијата би довел до расправија.

Овој пар бил задоволен од нивниот аранжман. Стелин имала желба во нејзиното срце Даматуи да ѝ се придружи во адвентистичката црква. Секогаш кога црквата организи-

рала некое посебно богослужение, таа го повикувала да дојде со неа и со децата.

Секојдневно, таа искрено му се молела на Бога да му ја покаже на сопругот вистината за саботата, која ја запознала читајќи ја Библијата.

Еден ден дознала дека адвентистичката мисија на Вануату организира семинар за брачни парови и го поканила својот сопруг.

Даматуи дошол на семинарот, користејќи го настанот за да го обнови својот брачен завет пред Бога.

Односите во нивниот брак се подобриле по овој семинар, а срцето на Стелин се исполнило со надеж.

Чувствувала дека Бог чекор по чекор го води нејзиниот сопруг.

Следната година, мисијата на Вануату организирала семинар за мажи, а локалниот црковен старешина го поканил Даматуи да присуствува на овој семинар.

Тој првично се двоумел дали да ја прифати поканата да присуствува на еднонеделниот семинар на друг остров што се одржувал во главната сала на адвентистичката академија „Аора“.

Старешината на црквата повторно дошол и му го предал авионскиот билет на Даматуи за да лета на другиот остров. Даматуи бил изненаден од овој дарежлив подарок.

Додека учествувал на семинарот на островот Санто, неговата сопруга била дома со децата и се молела на Бога да го допре срцето на нејзиниот сопруг.

Кога завршил семинарот, Даматуи се врати дома исполнет со мноштво информации што ги научил на семинарот.

Поминало некое време, а мисијата на Вануату организирала серија евангелски предавања што се емитувала на ТВ и на каналот „Надеж“.

Црквата на Стелин била меѓу локациите од каде што можела да се следи оваа тринеделна мисионска програма.

Од Даматуи, кој поседува автобус, било побарано да ги одведе луѓето до црква.

Тој верно ги превезувал луѓето секоја вечер во првите две седмици, но не останувал на црковната програма. За време на последната седмица, тој решил да дојде и да слуша. Проповедникот упатил повик за крштевање и овој повик го допрел неговото срце.

Таа вечер решил да се крсти.

Во петок попладне тој отишол кај пасторот во својата црква, информирајќи го дека сака да се приклучи на Христијанската адвентистичка црква.

Во сабота наутро Даматуи се крстил заедно со десетина други луѓе. Стелин била најсреќната личност на крштевањето. И нивните синови биле радосни.

Црковните водачи од неговата претходна црква не биле задоволни

## Во врска со искуството

- Замолете една машката личност да ја сподели оваа приказна како негово лично искуство.
- Преземете слики од Фејсбук: bit.ly/fb-mq.
- Преземете ги мисионските постови и брзи факти од Јужнопацифичката дивизија: bit.ly/sad-2022.

Дагатуи и другите браќа и сестри се многу благодарни на црквата „Јужен Квинсленд" од Австралија, која ги обезбедила сите средства за изградба на нова црковна зграда, откако циклонот Пем ја опустоши оваа островска држава во 2015 г.

- Мисионската приказна ги илустрира ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам" зборува за целите на духовниот раст. Целта број 1 зборува за заживување на концептот на мисијата во целиот свет и пожртвуваноста за мисија како начин на живот кој ги вклучува не само пасторите туку и секој верник на црквата, млад и постар, во радоста на сведочењето за Христа и создавањето ученици. Целта на духовниот раст бр. 5, „е поучување на поединците и семејства да водат живот исполнет со Духот". Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам" на: IWillGo2020.org.

## Мисионски информации

- Првите мисионери кои пристигнале во Вануату дошле во местото Атчин во 1913 година. Наскоро морале да го напуштат ова место, бидејќи на блискиот остров биле убиени и изедени седуммина мисионери христијани. Властите под британската круна испратиле еден воен гарнизон, кој подоцна бил поразен во судирот со домородните канибали, а заробените и ранети англиски војници биле изедени. Мисионерот Калвин Паркер посредувал меѓу завојуваните страни.

со оваа одлука. Тие се обиделе да го убедат да се врати, но тој одбил, велејќи им дека ја нашол вистинската Божја црква.

Денес Даматуи е помошник старешина во единствената адвентистичка црква во неговото село Еракор. Малата селска црква забрзано расте, размислувајќи за неопходното проширување.

„Гледајќи наназад на мојот живот, сфатив дека ја донесов една од најдобрите одлуки во мојот живот, не само за себе, туку и за сите членови на моето семејство."

Ви благодариме за даровите што ќе ги дадете 13-тата сабота од ова тримесечје, а кои ќе бидат употребени за да им се помогне на семејствата во Вануату и ширум Јужнопацифичката дивизија да им сведочат на луѓето за Божјата љубов и планот за нивниот живот преку анимираната ТВ серија базирана на Книгите на Елен Вајт.

By Max Zenebe



photo: BigStock.com

# Држен во заробеништво

Салоте

Болката го скршила срцето на Салоте кога медиумите објавиле дека на Блискиот Исток 200 исламски милитанти заробиле 45 фиџиски членови на сините шлемови на ОН, држејќи ги на непозната локација во Сирија.

Триесет и четиригодишниот син на Салоте неодамна го напуштил својот дом на Фиџи, заминувајќи на Блискиот Исток како член на сините шлемови на ОН.

Списокот со имињата на заробените војници од Фиџи не бил веднаш објавен, па Салоте била загрижена дали нејзиниот син е жив и здрав.

Тогаш се сетила на еден стих од Библијата: „Зашто Јас ги знам Своите замисли за тоа што имам намера со вас - зборува Господ - замисли за мир, а не за несреќа: да ви дадам иднина и надеж“ (Еремија 29,11).

Салоте се молела за својот син уште пред да биде распореден на Блискиот Исток. Знаела дека Бог се грижи за него.

Следниот ден добила телефонски повик од снаата, која во разговорот ѝ потврдила дека меѓу заробените фиџиски војници е и нејзиниот сопруг, односно синот на Салоте. Тој бил командант на заробената чета.

Тешејќи ја својата снаа, таа рекла: „Бог дозволил ова да се случи. Тој го направи тоа од Неговата Божествена причина. Јас и ти треба да го прифатиме и да продолжиме да Му се молиме, сите 45 војници да бидат ослободени“.

Нејзините зборови ја охрабриле и ја зајакнале верата на двете жени. Тие се придружиле на групата мајки, сопруги и сестри на заробените војници, кои се молеле на Бога и постеле повикувајќи се на Божјите ветувања и на Неговата љубов.

Осврнувајќи се на Божјото ветување напишано во Библијата: „Чие значење е цврсто, кој го чува мирот зашто се надева во Тебе. Надевајте се во Господа довека, зашто Господ е Вечна Стена“ (Исаија 26,3,4), таа имала мир во своето срце.

Салоте ја прифатила реалноста во нејзиниот ум, дека нејзиниот син може и да загине на својата задача. Таа продолжила да ја чита Библијата: „Не грижете се за ништо, туку во сè преку молитва и молба со благодарност искажувајте ги своите просби пред Бога!“ (Филипјаните 4,6)

Долгите денови поминувале без никакви информации за заробените фиџиски војници.

По 14 дена, нејзиниот син и другите војници на ОН биле ослободени.

Додека семејствата му се заблагодарувале на Бога за нивното ослободување, Салоте дознала дека Божјата љубов го исполнила милитантниот логор.

Иако на нејзиниот син и на неговите луѓе им било забрането да зборуваат за христијанскиот Бог, тој и

ФИЏИ

## Во врска со искуството

- Замолете женска личност да го сподели ова искуство како нејзино.

Салоте е професорка во пензија, која живее во градот Сува, на Фиџи. Ова мисионско искуство е засновано на искуството што таа го изнела за мисионското списание на Јужнопацифичката дивизија.

- Преземете слики од Фејсбук: bit.ly/fb-mq.
- Преземете ги мисионските постови и брзи факти од Јужнопацифичката дивизија: bit.ly/sad-2022.
- Мисионската сторија ги изнесува ставовите на Христ. адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовното растење. Целта бр. 2 зборува за јакнење и диверзификација на мисијата на адвентистичката црква во големите градови, како и јакнење на работите кои влијаат на духовното растење. Целта бр. 5 зборува за поучувањето на поединците и семејствата со помош на духовни материјали. Оваа цел зборува за зголемување на бројот на верници на црквата кои редовно се молат, ја проучуваат Библијата користејќи ги саботношколските материјали и списите на Елена Вајт. Повеќе информации за проектот „Јас ќе одам“ на Христијанската адвентистичка црква дознајте на IWillGo2022.rg.

## Мисионски информации

- Адвентистичкиот мисиски брод Питкерн запловил во пристаништето во градот Сува, на Фиџи, во 1891 г. Џон и Хана Тие биле првите мисионери кои продавале здравствени книги. Биле добро примени од страна на Европејците кои живееле таму и им било дозволено да одржуваат евангелски состаноци во јавни сали.

Кога мисионскиот брод Питкерн дошол на Фиџи по втор пат во 1893 година, д-р Мерит Келог заклучил: „Дефинитивно треба да оставиме постојани мисионери на овој остров, бидејќи се покажало дека локалното население има голем интерес за Божјата реч.

Adventist Mission South Pacific Division

неговите луѓе решиле да се молат и да постат, и за сопственото ослободување и за нивните непријатели.

Тие 14 дена, војниците од Фиџи се молеле сами во себе и се спријателувале со нивните киднапери, до таа мера што неколку исламски милитанти плачеле при збогувањето, кога фиџиските војници биле пуштени на слобода.

Во книгата на Елена Вајт, Копнежот на вековите, таа вели: „Ние треба да ја препознаеме неговата милост онака како што ја објавиле светите луѓе во минатото; но најделотворно од сè е сведоштвото на нашето лично искуство“ (стр. 347).

Ова искуство на Салоте е резултат на Божјата милост. „Тој е присутен таму каде што го бараат. Тој ќе го обезбеди вистинскиот начин и вистинското време за да ја пренесе Неговата порака за љубовта и спасението на другите луѓе, дури и во тешки животни околности“.

Ви благодариме што планирате да издвоите великодушни средства на 13-тата сабота за да помогнете да се шири надежта, каква што Салоте ја има во Исуса, во Фиџи и насекаде во Јужнопацифичката дивизија.

Од Ендрју Мекчизни

# Програма на 13-тата сабота
# 31 декември 2022



| | |
|---|---|
| **Почетна песна** | „С љубов прима Исус Спас“, песна бр. 314 од песнарката на Христијанската адвентистичка црква |
| **Добредојде** | Водачот на саботната школа |
| **Молитва** | |
| **Програма** | „Влијателниот бар“ |
| **Дар** | |
| **Завршна песна** | „Драгоцен си ми Спасе“, песна бр. 307 од песнарката на Христијанската адвентистичка црква |
| **Завршна молитва** | |

*Забелешка:(Учесниците не мора да ги запаметат нивните делови, но за да биде доволно запознаени со материјалот, така да не мора да прочитате што од сценариото. Воз себе целата програма, така што учесниците можат да се чувствуваат удобно и, доколку е потребно, нагласи она што го сметаат за важни.)*


photo: BigStock/Bigstock.com

**ФИЏИ | 31 декември 2022**

## Влијателниот бар

Плажата Ваилоалоа е популарна туристичка дестинација позната по своите достапни сместувања, ресторани, а особено по своите барови и ноќниот живот во Нада, на Фиџи.

Кога Ковид 19 го погоди Фиџи, многу мали кафетерии, ресторани за брза храна и кафеани престанаа да работат поради пандемијата.

Едно од таквите места било Бамбу Ризорт.

Гледајќи ја можноста, три локални адвентистички цркви се обединиле за да го основаат велнес барот Биту. Овој бар нуди велнес и здравствени програми, како што се бесплатни биометриски прегледи, програми за вежбање, предизвици за намалување на дебелината и поединечни програми за исхрана.

### Во врска со искуството

- Потсетете ги сите дека нивните мисиски приноси се дарови кои служат за ширење на Божјата реч низ целиот свет и дека една четвртина од приносите на 13-тата сабота ќе се употребат за проекти во оваа дивизија - Тв и радио „Надеж“ во Папуа Нова Гвинеја и серија детска програма заснована на книгите на Елена Вајт.

Барот, чие име „Биту“ на локалниот дијалект значи бамбус, брзо се здобил со популарност меѓу локалното население, кое се насобрало во него поради неговите здрави, свежи сокови.

Верниците на црквата се молеле барот да послужи како центар на влијание, охрабрувајќи ги жителите на Фиџи да заземат холистички, природен пристап кон своето здравје во област каде што луѓето се борат со болести поради нивниот начин на живот, како што е дијабетесот.

Овој бар ја поддржал кампањата „Да спасиме 10.000 прсти“ што ја започнала Јужнопацифичката дивизија. Оваа акција, започната во 2019 година, исто така имала за цел да ја подигне свеста кај луѓето за консумирање здрави пијалаци наместо алкохол.

Меѓутоа, кога вториот бран на Ковид го погодил Фиџи, и кога властите ги затвориле сите угостителски објекти во период од две седмици, клиентите секојдневно прашувале кога барот повторно ќе се отвори.

Она што се случило потоа било сосема неочекувано.

Брачната двојка што го водела блискиот бар Beach Escape Resort, забележала дека повеќе луѓе го посетуваат соседниот бар со сокови и здрави пијалаци отколку нивниот бар со алкохолни пијалаци. Тие забележале и намалување на инцидентите на главното шеталиште поврзани со консумирањето алкохол.

Оваа брачна двојка контактирала со членовите на црквата од соседниот бар, сугерирајќи им да го користат нивниот бар како продолжение на просторот за нивните велнес програми.

Верниците од црквата првично го одбиле предлогот, бидејќи не сакале да продаваат здрави сокови и пијалаци на истото место каде што се продаваат алкохолни пијалаци. Сепак, брачната двојка им објаснила дека ќе престанат да продаваат алкохолни пијалаци.

Наскоро бил направен договор. Алкохолните пијалаци биле заменети со соковници, блендери, овошје, зеленчук и билни препарати. Велнес-барот Биту повторно работел со полн капацитет.

Верниците од црквата биле изненадени од тоа колку чудесно Бог ги води работите. Овој локал не само што влијаел на своите корисници,

туку влијаело целото шеталиште да стане центар на влијание што ѝ носи надеж и здравје на оваа заедница.

Ви благодариме што го поддржавте проектот на Јужнопацифичката дивизија „Да спасиме 10.000 прсти“ со вашите дарови на 13-тата сабота во 2019 година.

Ви благодариме што планирате да одвоите великодушни средства за да помогнете да се шири евангелието на радоста и надежта ширум оваа дивизија.

By George Kwong

*(Приложување на даровите придружено со инструментална музика)*



# Идни проекти на 13-тата сабота

Проекти што ќе бидат во фокусот на следното тримесечје доаѓаат од Источноцентралната африканска дивизија на Генералната конференција на Христијанската адвентистичка црква:

- Изградба на блок-спални на Медицинскиот факултет Мугонеро во Руанда.
- Изградба на сместување за персоналот на медицинското училиште при Универзитетот во Централна Африка во Масоро, Руанда.
- Оспособување на младински земјоделски центар за обука на млади во Нчванга, Уганда.
- Изградба на повеќенаменска сала на адвентистичкиот колеџ Некемте во Етиопија.
- Изградба на блок-спални соби и повеќенаменска сала во адвентистичко училиште за глуви деца во Мвата, Кенија.
- Изградба на повеќенаменска сала на Универзитетот Аруша во Танзанија.

# ИЗВОРИ

Не заборавајте да го преземете вашето бесплатно видео Mission Spotlight, кое содржи извештаи од Јужната Азископацифичка дивизија и пошироко. Преземете или проследете ја веб-страницата на Адвентистичката мисија на bit.ly/missionspotlight.

## Онлајн информации

Следниве се извори на информации можат да бидат корисни при подготовката за вестите во саботната школа. За повеќе информации за културите и историјата на земјите претставени во овој квартал, посетете ги:

### Веб-страници

| | |
|---|---|
| Австралија: веб-страница на владата | bit.ly/GovAust |
| Visit Australia | bit.ly/VisitAust |
| Wikitravel | bit.ly/WikitravelAust |
| Фиџи: веб-страница на владата | bit.ly/GovFiji |
| Fiji Travel | bit.ly/Fiji-Travel |
| International Traveler | bit.ly/IntTravFiji |
| ПНГ: веб-страница на владата | bit.ly/GovPapuaNG |
| Papua New Guinea Travel | bit.ly/PNG-Travel |
| National Geographic | bit.ly/NG-PNG |
| Самоа: веб-страница на владата | bit.ly/GovSamoa |
| Samoa Travel | bit.ly/SamoaTravel |
| Trip Advisor | bit.ly/TASamoa |
| Тувалу: веб-страница на владата | bit.ly/GovTuvalu |
| Timeless Tuvalu | bit.ly/TimelessTuvalu |
| Trip Advisor | bit.ly/TA-Tuvalu |
| Вануату: веб-страница на владата | bit.ly/GovVanu |
| Vanuatu Travel | bit.ly/VanTrav |
| Wikitravel | bit.ly/WT-Vanuatu |

### Seventh-day Adventist

| | |
|---|---|
| Јужнопацифичка дивизија | bit.ly/SDA-SPD |
| Австралиска унија | bit.ly/SPD-AUC |
| Транспацифичка унија на мисии | bit.ly/SPD-TPUM |
| Фиџиска мисија | bit.ly/SPD-FM |
| Самоатокелска мисија | bit.ly/SPD-STM |
| Универзитетот Авондејл | bit.ly/SPD-Avondale |
| Pacific Adventist University | bit.ly/SPD-PAU |


АДВЕНТИСТИЧКА **МИСИЈА**

**ГРАДИВО ЗА САБОТНА ШКОЛА 4/2022**

**Вести од светот**

**Излегува тримесечно**

**Издава:**
Управниот одбор на Христијанската адвентистичка црква во Р. Македонија

**Превод и техничка подготовка:**
Мелита Томовска

**Одговара:**
Томе Трајков

**Адреса:**
„Влае“ бр. 42
1000 Скопје

www.adventisti.mk

ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА